**До: Општина Демир Хисар**

Ул. Битолска бр. 8
7240, Општина Демир Хисар

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:** [redacted], е-маил: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку парични средства на годишно ниво се одвојува за програмите на помош и поддршка на жртви на трговија (можни и формално потврдени), на локално ниво наменети за ГО кои работат со оваа проблематика на корисници?

2. Колку од овие средства во текот на 2022 година се одвојуваат:

   А. За простор
   Б. Режиски трошоци
   В. Персонал (стручни лица по профил)
   Г. Медицинска помош (прегледи и медикаменти)
   Д. Специјализирана психолошка помош (психотерапевт)
   Ѓ. Образование и едукација (курсеви, обуки и училишни материјали)
   Е. Хуманитарна помош (храна, облека и хигиенски материјали)

3. Колку од овие средства во текот на 2023 година се одвојуваат:

   А. За простор

Б. Режиски трошоци
В. Персонал (стручни лица по профил)
Г. Медицинска помош (прегледи и медикаменти)
Д. Специјализирана психолошка помош (психотерапевт)
Ѓ. Образование и едукација (курсеви, обуки и училишни материјали)
Е. Хуманитарна помош (храна, облека и хигиенски материјали)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Скопје, 13.09.2024 година .** **Потпис:**

[redacted]

**Датум:** 16.09.2024

**ДО:** [redacted]

[redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-872/1, 16.09.2024 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 13.09.2024 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со плански документи во врска со Програми за помош на жртви на трговија на Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со со плански документи во врска со Програми за помош на жртви на трговија на Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 13.09.2024 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 16.09.2024 година под архивски број 18-872/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 16.09.2024 година, под бр. 18-872/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресури

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

Општина Демир Хисар за 2022 и 2023 година нема издвоено парични средства наменети за ГО кои работат со оваа проблематика на корисници, од причини што на територијата на општината не постојат таков тип на ГО кои работат на Програми за помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе, ниту пак во наведениот период се појавила таков тип на потреба.

**По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Игор Дамјаноски,**
**раководител на одделение за управување со човечки ресурси**

**---------------------------------------**